РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Примено: 18.10.2024

| Организ.ед. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 18 - | 1302/1 | | |

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 202__ год.
Потпис,

До Општина Гевгелија
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ бр. 101/2019") , од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
Со кои проекти општина Гевгелија аплицираше на повикот од Влада за доделување на финансиски средства од т.н. унгарски кредит за општините? Колку и кои од проектите се одобрени, а кои одбиени, и колкава е сумата на одобрени финансиски средства по проект поединечно и вкупната сума?

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго-----------------------------------------------------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго-----------------------------------------------------------------------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: [redacted]

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
---------------------------------------------------------------------------------------------------

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во Гевгелија [redacted] Датум 17.10.2024 година

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 18.10.2024 година, имателот на информацијата Општина Гевгелија го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 18-1302/1 од 18.10.2024 год, доставено до имателот на информации Општина Гевгелија,

Се УВАЖУВА.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Гевгелија позитивно одговори на поднесеното барање кое се однесува на барање до општинската администрација, односно барање на информации за:

- Со кои проекти Општина Гевгелија аплицираше на повикот од Влада за доделување на финансиски средства од т.н. унгарски кредит за општините?.Колку и кои од проектите се одобрени, а кои одбиени, и колкава е сумата на одобрени финансиски средства по проект поединечно и вкупната сума?

Барањето е разгледано и согласно доставените информации од овластените лица во општинската администрација на барателот му се доставува одговор на поднесеното барање.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Гевгелија, 22.10.2024 година, под бр. 18-1302/3

По овластување
на Градоначалник на Општина Гевгелија
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Томе Јанкуловски

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр. 18-1302/2**
**22.10.2024 год.**
**Гевгелија**

До
[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Гевгелија

**ВРСКА:** архивски број на примено барање 18-1302/1 од 18.10.2024 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019), а во врска со вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме дека:

Општина Гевгелија аплицираше на повикот од Влада за доделување на финансиски средства од т.н. унгарски кредит за општините со 12 преглог проекти.

За тоа колку и кои од проектите се одобрени, кои се одбиени и колкава е сумата на одобрени финансиски средства по проект поединечно и вкупната сума, се уште немаме добиено известување и информација од Влада.

Во прилог ви доставуваме:

- Табела со аплицирани предлог проекти (име на проектот, вкупен износ, сопствено учество)
- Решение по бараната информација

Со почит,

Изготвил:
Томе Јанкуловски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Доставено до:
- насловот и архива

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843

| РБ | Деловоден архивски број | Дата на издавање | Арх.број од МЛС | Дата на прием | Име на проект (тех.број ревизорски извеш. и останато | Вкупен износ | Сопствено учество |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 14-1109/1 | 11.09.2024 | 12-1578/135 | 11.09.2024 | „Реконструкција и рехабилитација на дел од Булевар Гевгелија и натпатник на улица „Железничка“ и железничка пруга во Гевгелија“, тех.бр.495-034/2024, ДГ Сивил Инжинеринг ДОО Скопје, кон.рев.изв. Р07-608/24 од ДИКППУ Веинг ДООЕЛ Скопје, Потврда за заверка на проектна докумнетација од Сектор урбанизам, ком.раб. и заштита на бр.11-558/2 од 10.09.2024 год, Извештај од изв.контрола тех.бр.Л-113-03/24 од ДГПУ Геинг ДОО Скопје | 25,721,284 ден | 7,995,487 ден |
| 2 | 14-1103/1 | 11.09.2024 | 12-1578/136 | 11.09.2024 | „Конзервација, реставрација и реконструкција на дуќаните во старата чаршија во Гевгелија“, тех.бр. 0701-079, 29.07.2024 ДГПН ГојаПавлов Митко ДООЕЛ Гевгелија, Конзерваторско одобрение издадено од Управата за културно наследство | 15,784,454 ден | 0 ден |
| 3 | 14-1108/1 | 11.09.2024 | 12-1578/137 | 11.09.2024 | „Партерно уредување со комплетна замена на подземната инсталација на ул. Бранд Петрушев и ул. 7ми Ноември (Стара Чаршија) во Гевгелија“, тех.бр. 0701-092, 26.08.2024 ДГПН ГојаПавлов Митко ДООЕЛ Гевгелија, Конзерваторско одобрение издадено од Управата за културно наследство | 24,890,641 ден | 0 ден |
| 4 | 14-1119 | 12.09.2024 | 12-1578/251 | 12.09.2024 | „Изградба на атмосферска канализациона инфраструктура за дел од ул. „Кукушка“ општина Гевгелија“, тех.бр.139/2023-К Доминг ЈТД Радовиш,Рев.изв. 238/2024 од ДТУ Техновод-проект ДООЕЛ Радовиш,Одобрение од Сектор урб. ком.дејн. и живот.сред | 8,449,838 ден | 0 ден |
| 5 | 14-1117/1 | 12.09.2024 | 12-1578/254 | 12.09.2024 | „Изградба на атмосферска канализациона мрежа на ул.„Скопска“ Гевгелија, општина Гевгелија“, тех.бр. 040/2024-К од ДОМИНГ Радовиш, (Рев.изв.227/2024 од Техновод ДООЕЛ | 2,356,984 ден | 0 ден |
| 6 | 14-1118/1 | 12.09.2024 | 12-1578/250 | 12.09.2024 | „Изградба на атмосферска канализациона инфраструктура за ул. „Ванчо Прке“ и ул. „Петар Мусев“ во општина Гевгелија“, тех.бр.140/2023-К Доминг ЈТД Радовиш,Рев.изв. 234/2024 од ДТУ Техновод-проект ДООЕЛ Радовиш, Потврда за заверка од Сектор урб. 11-3/191 од 16.05.2024 | 14,164,082 ден | 0 ден |
| 7 | 14-1121/1 | 12.09.2024 | 12-1578/253 | 12.09.2024 | „Изградба на улица „Новопланирана 7“ во Блок 3.1 Гевгелија, Општина Гевгелија“, 022/2024-П, ДОМИНГ Радовиш, (кон.рев.изв.222/2024, Техновод-Проект ДООЕЛ Радовиш | 2,447,888 ден | 0 ден |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 14-1123/1 | 12.09.2024 | 12-1578/247 | 12.09.2024 | „Изградба на секундарна водоводна мрежа на улица „Новопланирана 7“ во Блок 3.1 Гевгелија, Општина Гевгелија", 025/2024-В, ДОМИНГ Радовиш, (Рев.изв.221/2024, Techновод-Проект ДООЕЛ Радовиш | 654,206 ден | 0 ден |
| 9 | 14-1124/1 | 12.09.2024 | 12-1578/252 | 12.09.2024 | .„Изградба на секундарна атмосферска канализациона мрежа на улица „Новопланирана 7“ во Блок 3.1 Гевгелија, Општина Гевгелија", 026/2024-К, ДОМИНГ Радовиш, (кон.рев.изв.220/2024, Техновод-Проект ДООЕЛ Радовиш | 4,613,385 ден | 0 ден |
| 10 | 14-1122/1 | 12.09.2024 | 12-1578/248 | 12.09.2024 | „Изградба на фекална канализациона мрежа на ул.„Александар Бел“ во с.Мрзенци, општина Гевгелија“ 030/2024-К, Април 2024, ДОМИНГ Радовиш, (Рев.изв.228/2024, јуни 2024, Техновод-Проект ДООЕЛ Радовиш | 4,298,726 ден | 0 ден |
| 11 | 14-1120/1 | 12.09.2024 | 12-1578/249 | 12.09.2024 | . „Изградба на водоводна мрежа на ул.„Александар Бел“ во с.Мрзенци, општина Гевгелија“, 029/2024-В, Април 2024, ДОМИНГ Радовиш, (Рев.изв.229/2024, јуни 2024, Техновод ДООЕЛ Радовиш | 5,808,176 ден | 0 ден |
| 12 | 14-1116/1 | 12.09.2024 | 12-1578/255 | 12.09.2024 | „Изградба на парк со детско игралиште на ул.„Деко Ковачев“, Гевгелија“, 02/24-1, Јуни 2024, МБМ Архитекти, (зав.рев.изв.Р 03/24-08, Јуни 2024, 1.61 АРХИТЕКТИ Скопје | 7,144,557 ден | 0 ден |
| | | | | | **ВКУПНО** | **116,334,221 ден** | **7,995,487 ден** |